Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *граѓанско образование* за IV (четврта) година на средното стручно четиригодишно образование (економска, правна и трговска струка) за учебната 2020/2021 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

IV година

Септември 2020 година

СРЕДНО СТРУЧНО ЧЕТИРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет ***граѓанско образование*** **за IV (четврта) година на средното стручно четиригодишно образование (економска, правна и трговска струка**) се базира на целите предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 58 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од конкретните цели и дидактичките насоки во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

| ТЕМА I: ДЕМОКРАТИЈА (14 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Демократски вредности (слобода, одговорност, праведност, еднаквост, законитост)<br>2. Демократска држава, сувереност, власт<br>3. Власт и поделба на власта<br>4. Владеење на правото и правна држава<br>5. Граѓанско содружништво: поим и елементи<br>6. Информирањето во демократското општество<br>7. Улогата на масмедиумите во демократијата (разновидност, слобода, независност, одговорност, точност на информациите) |

| ТЕМА II: ГРАЃАНСТВЕНОСТ И ГРАЃАНСКИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ (11 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Човекови права: поим, општествена смисла, потеклото и развојот на идејата за човековите права<br>2. Меѓународна димензија на човековите права<br>3. Лични права и слободи<br>4. Политички права и слободи<br>5. Социјални, економски и културни права и слободи<br>6. Човековите права во Република Северна Македонија |

| ТЕМА III: ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО – ПРОМЕНИ И ПРЕДИЗВИЦИ (8 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Демографска политика<br>2. Стареење на населението, невработеност, богатство наспроти сиромаштија<br>3. Нови социјални движења (женски, феминистички, еколошки, мировни движења) |

| |
|---|
| 4. Хуманитарно дејствување |

| **ТЕМА IV: КОНФЛИКТИТЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И НИВНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ (9 ЧАСА)** |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Социјален конфликт<br>2. Конфликтите во општеството и меѓуопштествени конфликти<br>3. Насилство и ненасилство, тероризам и антитероризам<br>4. Справување со конфликти<br>5. Мир и толеранција |

| **ТЕМА V: ГЛОБАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТЕСТВАТА (10 ЧАСА)** |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Европа и нејзината интеграција (Европската Унија)<br>2. Институции на Европската Унија<br>3. Слобода, правда и безбедност во Европската Унија<br>4. Европски вредности и европски идентитет<br>5. Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија |

| **ТЕМА VI: ИЗБОРИ И ИЗБИРАЧКО ПРАВО (6 ЧАСА)** |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Изборите се основа на демократијата (Значење и функција на демократијата)<br>2. Изборните системи и видови избори<br>3. Избирачко право (преку кое се изразува народниот суверенитет) |

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет ***граѓанско образование*** **за IV (четврта) година на средното стручно четиригодишно образование (економска, правна и трговска струка)** е редовната наставна програма (целите на предметот, конкретните цели, дидактичките насоки, корелацијата меѓу тематскиите целини и предметите и наставните методи и активности, а е соодветна на развојните карактеристики на учениците во средното стручно четиригодишно образование.

Наставниците по граѓанско образование своите планирања и подготовки за наставата треба да ги развиваат врз основа на целите по наставни теми и содржини кои се дадени во скратената наставна програма со соодветен избор на методи и активности во наставниот процес. Планирањето опфаќа задачи кои треба да се извршат во одредено време за остварување на поставените цели и резултати од учењето, но и начините за контрола и проценка на постигнатите резултати. Со планирањето се избегнува стихијноста во воспитно-образовниот процес, а пак појдовната точка за изготвување на планирањето е рефлексијата.

Специфичноста на наставниот предмет во наставата ја дава суштинската задача и во скратените наставни програми, а тоа е учениците да се оспособуваат да го применуваат знаењето, да изградат свои ставови, интереси и размислувања кои ќе придонесат да бидат активни, да го збогатат нивното ученичко учество и потоа да го унапредат граѓанското општество како возрасни граѓани.

Скратената наставната програма по граѓанско образование може успешно да се реализира во наставата со примена на методи и активности за поттикнување на продлабочено учење со разбирање и расудување, кооперативност, работа во групи, како и со самостојно истражување и откривање на знаењето. Наставниците по граѓанско образование треба да придонесат за создавање демократска училишна клима, низ истражувачките активности, проектни работилници, учениците да го изнесуваат своето мислење, да прифаќаат вредности, да се воспитуваат во духот на соработката, хуманоста, емпатијата, ненасилната комуникација, недискриминацијата и почитувањето на различностите.

## 4.Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет ***граѓанско образование*** **за IV (четврта) година на средното стручно четиригодишно образование (економска, правна и трговска струка)** ја утврди

**Арх. Бр. 13-9340/11**

**16.9.2020 година**

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска**